Врз основа на член 10 став 1 алинеја 1 и член 11, а во врска со член 18 став 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен – обележјата (Сл. весник на РМ бр.66/04, 89/08 и 152/15), согласно Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кавадарци бр. 08-1313/19 од 28.02.2023 година и Одлуката за подигање на спомен обележје -архитектонско дело од монтажен тип бр. 08-1313/22 од 28.02.2023 година, Одборот за подигање на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип бр. 08-1313/22 од 28.02.2023 година, со Одлука на Совет на Општина Кавадарци со Бр 08-1313/22 од 28.02.2023 година, објавува:

# **Ј А В Е Н К О Н К У Р С**
**за изработка на идеен проект, за подигање на спомен обележје -архитектонско дело од монтажен тип**

## **ОПИС И УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ**

Согласно одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен – обележјата (Сл. весник на РМ бр 66/04,89/08,152/2015,103/21),согласно Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кавадарци бр. 08-1313/19 од 28.02.2023 година и Одлуката за подигање на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип бр. 08-1313/22 од 28.02.2023 година, Одборот за подигање на спомен обележје - архитектонски дело од монтажен тип бр. 08-1313/22 од 28.02.2023 година, со Одлука на Совет на Општина Кавадарци со Бр 08-1313/22 од 28.02.2023 година, на ден 15.03.2023 година распишува ЈАВЕН КОНКУРС за изработка на идеен проект, за подигање на спомен обележје -архитектонско дело од монтажен тип.За подигање на спомен обележјето Советот на Општина Кавадарци има донесено Одлука .бр. 08-1313/22 од 28.02.2023 година за подигање на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип , составен дел на спомен обележјето посветени на 12 Ваташки Младинци

**Идејниот проект Спомен обележјето - архитектонско дело од монтажен тип**

треба да содржи:

Објектот да биде сместен на КП бр.2430 КО Ваташа м.в.Катуниште и да биде од монтажен тип со површина од 35m² и да содржи 2 простории и тоа изложбен дел кој ќе содржи оригинални фотографии и документиповрзани со самиот настан и комерцијален дел со продавница за сувенири.

- ситуационо решение со партерно уредување околу објектот
- основа
- 2 карактеристични пресеци
- фасади (фасадното обликување да биде во склоп со природата)
- предмер пресметка со детален опис за вградени материјали и позиции
  (во пресметката да биде опфатена и фаза електрика каде што приклучокот е од мерен орман прикажан во скица)
  - 3Д или аксонометрија или цртеж во перспектива

**Критериуми што ќе се применуваат за избор:**

- Креативност,иновативност и оригинал

- усогласеност со општиот амбиент

-функционалност и економичност за реализација

Вкупната сума  за реализација на овој проект е 1.500.000,00 денари со вклучен надомест за награди.

Конкурсот е јавен и анонимен. На конкурсот можат да учествуваат домашни и странски правни и физички лица.

На конкурсот не може да учествуваат лица од одборот и од нивното потесно семејство поради судир на интереси.
Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра
Секој од учесниците има право да учествува со по еден труд
Учесниците на конкурсот со самото поднесување на идејното решение ,прифаќаат дека дале согласност за откривање на идентитетот по извршениот избор.
Краен рок за предавање на идејните проекти е 30 дена од денот на објавување на јавниот конкурс.




**НАЧИН, МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ**

Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра.

Учесниците на конкурсот до  Архивата на Општина Кавадарци , треба да поднесат Пријава со прилог Идеен Прокет најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на конкусот  во затворен плик.

Во затворениот плик треба да стои **мал затворен плик** во кој ќе биде напишана повторно истата шифра како на пријавата и податоци за подносителот на пријавата.

Пријавите со Прокетот треба да се достават во писмена форма, на следната адреса:

**Општина Кавадарци , Плоштад Маршал Тито бб , 1430 Кавадарци ,**

**со назнака: "Не отварај" За Јавниот КОНКУРС за изработка на идеен проект, за подигање на спомен обележје -архитектонско дело од монтажен тип.**

**Огласот ќе биде објавен во Дневниот печат и на ВЕБ страната на Општина Кавадарци.**

**Награди**

Од пристигнатите трудови што ќе ги исполнат конкурсните услови и програмските барања, се предвидува да бидат доделени 3 (три) награди и тоа: прва награда во износ од 20.000 денари, втората 10.000 денари и трета награда 8.000 денари.

Доделените награди ќе им бидат исплатени на наградените најдоцна до 30 дена по објавувањето на резултатите од конкурсот. Со исплатата на наградите на авторите на конкурсните трудови, договорниот органги откупува авторките права да ги користи целосно , и да врши измени во идејното решение.

Одборот нема да ги разгледува проектите што ќе пристигнат по предвидениот рок, или не се изработени според критериумите на конкурсот.

Идејниот проект треба да биде погоден за излагање и изведба.

Идејните проекти ќе бидат јавно изложени.

Одборот со мнозинство гласови го избира идејниот проект за спомен – обележјето што ќе се подигне.

**Тел за контакт 075-288-427 Весела Честоева**

**Членови на Одбор:**

1. Јован Златевски
2. Круме Богевски
3. Гордана Белевска-Мустафа
4. Горан Боев
5. Натка Китева
6. Валентина Бањанска
7. Диме Коцевски
8. Мики Камчевски

**Претседател**

**Кавадарци** **Весела Честоева**

**Март 2023**